Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 30 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019 ) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по наставниот предмет **руски јазик (втор странски јазик)** за **IX (деветто)** одделение на деветгодишното основно образование.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# РУСКИ ЈАЗИК

**Втор странски јазик**

**за IX (деветто) одделение**

**деветгодишно основно образование**

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | **Руски јазик (втор странски јазик)** |
| **Тип на наставна програма** | **Задолжителна** |
| **Одделение** | **IX (деветто)**<br><br>По **првата** година од учењето на рускиот јазик во основното образование (VI одделение) треба да се достигнат основни знаења од нивото А1.1 (подготвително ниво).<br><br>По **втората** година од учењето на рускиот јазик во основното образование (VII одделение) треба да се достигнат понапредни знаења од нивото А1.2 (основно ниво).<br><br>По **третата** година од учењето на рускиот јазик (VIII одделение) треба да се заокружат знаењата од нивото А2.1 (подготвително ниво) и да се достигнат основни знаења од нивото А2.1 (подготвително ниво).<br><br>По **четвртата** година од учењето на рускиот јазик (IX одделение), треба да се достигнат делумни знаења од нивото А2.2 (основно ниво).<br><br>Стекнувањето на компетенциите во согласност со наведените нивоа ќе биде прикажано преку резултатите од учењето во сите наставни програми за основно образование ( за VI, VII, VIII и IX одделение). |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | **2 / 72** |
| **Цели на наставната програма** | Ученикот / ученичката треба:<br>- стекне и да развие јазични, комуникациски, инетркултурни компетенции при изучување втор странски јазик;<br>- да развие способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик;<br>- да стекне елементарни навики и умеења за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченички единици, фонетски, правописни, лексички и граматички поими;<br>- да развие позитивен став кон рускиот јазик и култура, во рамките на посочените теми да се здобие со основни познавања за социокултурниот живот на своите врсници од овие култури, а преку споредба со нив да ги збогатува познавањата за сопствената култура и постоење;<br>- да развива способност за самостојно учење и самовреднување (според *Заедничката европска референтна рамка за јазици и Портфолио).* |

| | |
|---|---|
| **Материјално-технички и просторни услови** | Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот за простор донесен од страна на министерот за образование и наука.<br>Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за деветто одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за деветто одделение на основното образование.<br>Се препорачува заради полесен визуелен контакт помеѓу ученици за да слушнат подобро што се зборува, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата П, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при работа во групи). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по *руски јазик* може да ја изведува лице кое завршило:<br>- студии по руски јазик и литература – наставна насока, VII/ 1 или 240 ЕКТС,<br>- студии по руски јазик и книжевност – наставна насока, VII/ 1 или 240 ЕКТС,<br>- студии по руски јазик и литература – друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска наобразба (доквалификација) за настава по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или 240 ЕКТС.<br>- двопредметни студии по македонски и руски јазик, VII/ 1 или 240 ЕКТС и<br>- студии по руски јазик и литература/книжевност- друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска подготовка за наставата по руски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или 240 ЕКТС. |

| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими[1] | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Слободно време[2]** | | | |
| 1.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>разбира глобално и детално краток слушнат / пишан текст во врска со опис на доживувања, ситуации од патувања (одмор, екскурзии, посети на културно, историски знаменитости, излети и сл.); | **Јазични функции:**<br><br>- Опишување доживувања и ситуации од слободното време (патувања, одмор, екскурзии и сл.);<br>- Опишување предмети од модерната технологија;<br>- Барање, нудење, прифаќање, одбивање помош, услуга, совет.<br>- Искажување свои намери, желби, молби, предлози (прифаќање или одбивање)<br><br>- *Я отлично провела свои летние каникулы. Я отдыхала на Чёрном море. Каталась в Дельфинарии на дельфинах. Забавно и круто.*<br>- *В интернете есть логические игры, игры для изучения школьных предметов.* | **Активности**:<br><br>Слушање аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>Вежби за асоцијација;<br>Вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци врз основа на звучни сигнали, интонација, невербални елементи, наслови и сл.;<br>Поврзување на текстови со слики;<br>Одговарање на прашања од типот точно/неточно;<br>Отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>Подредување едноставни слушнати информации во табели; | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1.1. препознава лексика поврзана со доживувања и ситуации од дадената тема;<br>1.1.2. во контекст го разбира значењето на нови, непознати зборови<br>1.1.3. селектира детални информации од краткиот текст на дадената тема<br>1.1.4. прераскажува информации од кус текст на дадената тема користејќи едноставни јазични средства. |

[1] Содржините и поимите дадени во наставната програма се однесуваат на сите резултати од учењето.

[2] Насловите на темите се дадени согласно лексиката и јазичните функции.Тие може да бидат и поинаку формулирани, но материјата што се обработува останува иста.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Вежби со користење на пантомима;<br>Подредување зборови во реченици | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.2 | побара / даде информации поврзани со организирање на слободното време (резервирање билет, место во хотел, време на тргнување, доцнење и сл.); | **Лексички единици:**<br><br>Лексика која е поврзана со:<br>- доживувања и ситуации од слободното време;<br>- патувања, одмор, екскурзии и сл.;<br>- викенд, распуст (летен и зимски)<br>- планови за патувања (каде, како, со кого, што да се понесе, што да се посети и сл.);<br>- *каникулы (летние и зимние), выходные и праздничные дни,  – самое радостное время, нет учебы, нет необходимости вставать рано утром.*<br>- *куда? на чем? что взять? чем заняться?*<br>- *чемодан, паспорт, деньги, билеты, одежда, аптечка, аэропóрт, самолёт, пилóт, багáж, стюардéсса, билéт, посáдочный талóн, справочное бюро и т.д*<br><br>Изрази за давања/барање совет, помош, услуга и др. | и слики по логичен редослед;<br>Пополнување празни места во табели и реченици;<br>Поставување прашања и одговарање на нив;<br>Играње на улоги според дадени модели;<br>Идентификување одделни графеми во зборови со подвлекување на тие букви<br>Пишување на слушнат исказ<br>Индивидуална/групна изработка на постер<br>Одбележување на акцентот во изговорени од наставникот зборови<br>Бура на идеи;<br>Подредување на зборови по логичен редослед;<br><br>**Методи**:<br>Демонстрациски метод: пуштање аудио и видео снимки, покажување предмети, појави, настани, слики, цртежи;<br>Вербални методи: дијалошки или метод на разговор (игра по улоги), опишување, раскажување, објаснување;<br>документациски методи: пуштање на аудиовизуелни извори на информации; | 1.2.1. набројува информации поврзани со организирање на своето слободното време;<br>1.2.2. разменува информации поврзани со планови за организирање на слободното време;<br>1.2.3. правилно ги користи новоусвоените основни изрази и поими;<br>1.2.4. поставува и одговара на неколку поврзани прашања во низа на тема „Одмор“;<br>1.2.5. раскажува за своите идни планови и кативности во слободното време. |
| 1.3 | разбира глобално и детално значење на слушнат/пишан краток текст од областа на модерната технологија | - предмети од модерната технологија и различни видови средства за комуникација: телефон, Интернет, СМС, емаил и сл.<br>- *ноутбук, компьютер, монитор, мышка, клавиатура, интерактивная парта для школьников 21-го века, электронная классная доска, приложение, школьный курс в мобильном телефоне, правила безопасного пользования Интернетом ...* | набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, | 1.3.1. разбира кратки и едноставни текстови од областа на модерната технологија, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (интернет, видео игрии сл.); | - *телефон, общение в Интернете, поиск информации, передача информации, электронная почта, чаты, форумы и т.д;*<br><br>- *Вы не можете помочь мне?*<br>- *Почему нет? Помогу.*<br>- *Я советую вам посмотреть...*<br>- *Спасибо за совет.*<br>- *А не пойти ли нам в кино?*<br>- *Извини, не могу. Я очень занят.*<br><br>- *Помогите мне, пожалуйства.*<br>- *Я советую вам посмотреть...*<br>- *Спасибо за совет.*<br>- *А не пойти ли нам в кино?*<br>- *Извини, не могу. Я очень занят.*<br>- *С удовольствием.*<br><br>**Граматички содржини:**<br><br>**Глаголы** (переходные и возвратные)<br>**Инфинитив** (неопределенная форма глагола)<br>**Настоящее время глагола**<br>**первое и второе спряжение**<br>**Прошедшее время глагола**<br>**Будущее время**<br><br>**Падежи в русском языке**<br>**Склонение имен существительных**<br>**и прилагательных**<br>**Именительный падеж единственного**<br>**и множественного числа**<br>- *Вам понравился спектакль?*<br>- *Вам понравились спектакли?* | истражување;<br>операциски метод: метод на творечка работа преку писмено изразување;<br>Метод на слушање со повторување;<br>Игровни активности; | напишани на стандарден јазик, со често употребувана лексика, вклучувајќи ја и интернационалната лексика;<br>1.3.2. разбира едноставни упатства од краток текст поврзани со користењето на модерната технологија;<br>1.3.3. идентификува изрази за позитивните и негативните особини на современата технологија;<br>1.3.4. поставува и одговара на прашања во врска со модерната технологија; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.4 | бара /нуди /прифаќа /одбива помош, услуга, совет | - *Это хороший (замечательный, плохой, скучный, весёлый) спектакль.*<br>- *Это хорошие (замечательные, плохие, скучные, весёлые) спектакли.*<br><br>**Родительный падеж**<br>**Выражение временных отношений**<br><br>*Каникулы начинаются 10-го июня*<br>**Выражение даты**<br>- *Како́е сего́дня число́?*<br>*Сего́дня два́дцать пе́рвое ноября две тысячи девятнадцатого го́да*<br><br>**Дательный падеж + по**<br>- *По какому каналу ты смотришь ...?*<br>- *По первому, второму, третьему, четвертому)*<br>**Д.П. + нравиться (безличные предложения)**<br>- *Мне нравится кататься на велосипеде, играть в мяч с друзьями, отдыхать в тени от жары* | | 1.4.1. разбира во целост и извлекува информации од едноставни слушнати текстови на теми од секојдневието;<br>1.4.2. разбира совети кои се однесуваат на неговите непосредни потреби (совети за снаоѓање на јавни непознати места и сл.);<br>1.4.3. поставува и одговара на прашања употребувајќи едноставни учтиви форми во комуникацијата;<br>1.4.4. пишува кратко пријателско писмо (смс, електронско писмо) во кое бара или нуди помош, услуга или совет. |
| 1.5 | Пишува краток едноставен текст / порака за доживувањата од слободното време на социјалните мрежи или на апликациите за комуникација | **Винительный падеж**<br>**прямого дополнения**<br>- *Какую музыку ты слушаешь?*<br>- *Я слушаю рок музыку.*<br>любить + В.П.<br>- *Я люблю лето за то, что в это время года я весело провожу время: играю с друзьями, езжу с семьей купаться на море.*<br><br>**Творительный падеж**<br>**в значении совместности действия** | | 1.5.1. ја примени новоусвоената лексика при пишување краток текст (електронска порака, СМС и сл.);<br>1.5.2. пишува краток текст / порака врз основа на предложена лексика на зададена тема за слободното време;<br>1.5.3 . составува краток текст со неколку поврзани реченици за своите доживувања од слободното време; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - *Он был на море со старшим братом.*<br><br>**Предложный падеж**<br>**в значении места:**<br>- *Где Ира, Витя и Лена?*<br>- *Они в шко́льном коридо́ре (в шко́льной библиоте́ке).*<br>**предмета речи:**<br>- *О чём они́ разгова́ривают?*<br>- *Они́ разгова́ривают о репортаже (переда́че, фильме, музыке)*<br>**выражение времени**<br>- *В каком году ты родился?*<br>- *Я родился в ... году..*<br>**Местоимения**<br>**Склонение личных местоимений**<br>- *Я прошу тебя принести журнал.*<br>- *Я советую тебе посмотреть этот фильм.*<br>- *Я предлагаю тебе прочитать эту книгу.*<br>**Неопределенные местоимения**<br>- *Посоветуйте какой-нибудь веселый фильм!*<br>- *Кто-то стучи́т. Кто э́то?*<br>**Синтакса**<br>**Сложноподчиненные предложения с союзами *когда́, пока́,***<br>- *Когда́ я прие́ду́, позвоню́ тебе́.*<br>- *Пока́ мы тебя́ жда́ли, пошёл дождь.*<br>- *Что ты делаешь, когда папа читает газету?*<br>- *Пока папа читает, я слушаю музыку.*<br><br>**Безличные предложения**<br>- *Ему долго не спалось, и он вышел в сад.* | | 1.5.4. правилно ги употребува усвоените граматички категории. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Интеркултурни содржини:**<br>Да развие љубопитност и интерес кон патувањата и запознавање со нови култури.<br>- *Мир это книга. А те, кто не путешествуют, прочли только одну страницу.* | | |

| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди на оценување** |
|---|---|---|---|---|
| **2** | **ОПКРУЖУВАЊЕ** | | | |
| 2.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>разбира глобално и детално значење на слушнат/пишан краток текст за своето опкружување и животната средина; | **Јазични функции:**<br>- Опишување на своето опкружување (населба, улица, град, село);<br>- Барање/давање информации за насоки на движење и просторно ориентирање;<br>- Опишување на превоз и превозни средства.<br><br>*Вы не подскажете какие- нибудь интересные места неподалёку?*<br>- *Если Вы хотите посмотреть достопримечательности, то Вам лучше поехать в центр*.<br>- *Для чего нужен транспорт?*<br>- *Он перевозит людей и грузы.*<br>- *Самолёт – самый безопасный вид транспорта*<br><br>- Учтиво обраќање во транспорт<br>- *Садитесь, пожалуйста.*<br>- *Нет-нет, спасибо, я постою.* | **Активности**:<br>Слушање аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>Вежби за асоцијација;<br>Вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци врз основа на звучни сигнали, интонација, невербални елементи, наслови и сл.;<br>Поврзување на текстови со слики;<br>Одговарање на прашања од типот точно/неточно;<br>Отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>Подредување едноставни слушнати информации во табели;<br>Вежби со користење на пантомима;<br>Подредување зборови во реченици и слики по логичен редослед; | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.1.1. препознава поими и изрази од слушнат / пишан текст на дадедната тема;<br>2.1.2 . издвојува информации од едноставен слушнат или пишан текст на дадената тема;<br>2.1.3. именува објекти и институции во населено место;<br>2.1.4. класифицира поими и изрази од слушнат или пишан текст поврзан со тема за опис на населба, улица, град, село;<br>2.1.5. прераскажува информации од текстот на дадената тема |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.2<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>2.3 | бара и дава информации за просторно ориентирање;<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>го опишува своето опкружување, превозните средства и видовите превоз; | - *Нет, садитесь.*<br>- *Спасибо Вам большое.*<br>- *Не за что.*<br><br>- *Извините, Вы не выходите на следующей?*<br>- *Да, я выхожу.*<br>- *Спасибо.*<br><br>**Лексички единици**<br><br>Лексика која е поврзана со:<br>- Објекти и институции во населено место;<br>*город, улица, проспект, площадь, район, посёлок, городской парк, гостиница, кафе, памятник, школа, больница,поликлиика, аптека, банк, почта, торговый центр, магазин, рынок, кинотеатр, театр, музей, стадион, бассейн и пр.*<br>- Насоки на движење и просторно ориентирање;<br>*налево, направо, прямо, улица, бульвар, проспект, проезд, перекрёсток, тротуар ...*<br>- Видови превоз;<br>(транспорт: *наземный , подземный,* воздушный )<br>- *автобус, троллейбус, трамвай, поезд, машина, автомобиль (легковой, грузовой), маршрутное такси, велосипед;*<br>- *метро,*<br>- *самолёт, вертолёт* | Пополнување празни места во табели и реченици;<br>Поставување прашања и одговарање на нив;<br>Играње на улоги според дадени модели;<br>Идентификување одделни графеми во зборови со подвлекување на тие букви<br>Пишување на слушнат исказ<br>Индивидуална/групна изработка на постер<br>Одбележување на акцентот во изговорени од наставникот зборови<br>Бура на идеи;<br>Подредување на зборови по логичен редослед<br>**Методи**:<br>Демонстрациски метод: пуштање аудио и видео снимки, покажување предмети, појави, настани, слики, цртежи;<br>Вербални методи: дијалошки или метод на разговор (игра по улоги), опишување, раскажување, објаснување;<br>документациски методи: пуштање на аудиовизуелни извори на информации;<br>набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, истражување;<br>операциски метод: метод на | 2.2.1. набројува новоусвоени поими и изрази за насоки на движење и просторно ориентирање;<br>2.2.2. бара и дава насоки за движење;<br>2.2.3. прашува и објаснува просторно ориентирање користејќи навигација / мапа.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>2.3.1. набројува поими и ги користи во едноставни реченици за опишување на своето опкружување, превозните средства и видови транспорт;<br>2.3.2. поврзува текст со слики со поими поврзани со неговото опкружување, превозни средства и водиво транспорт (објекти, институции во населено место);<br>2.3.3. разликува различни видови на превозни средства и места на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - Називи на објекти и професии поврзани со темата транспортот;<br>*водитель, кондуктор, лётчик, стюардесса, механик, машинист, билет, пассажир, остановка, станция, стоянка, вокзал, аэропорт*<br><br>- *Садитесь, пожалуйста.*<br>- *Нет-нет, спасибо, я постою.*<br>- *Нет, садитесь. Я Вам уступаю.*<br>- *Спасибо Вам большое.*<br>- *Не за что.*<br><br>- *Извините, Вы не выходите на следующей?*<br>- *Да, я выхожу.*<br>- *Спасибо.*<br><br>**Граматички содржини:**<br>**Глаголы движения**<br>- Использование глаголов для выражения однонаправленого движения идти, ехать, бежать, лететь ... сейчас, утром, вечером ...<br>**- разнонаправленного движения**<br>ходить, ездить, бегать, летать ....<br>каждый день (месяц, год, каждую неделю, всегда, иногда, часто, обычно, много, редко)<br>- *Мои родители идут на работу.*<br>- *Они каждый день ходят на работу.*<br>- *Мы с друзьями едем за город.*<br>- *Мы каждое воскресенье ездим за город.*<br>- *Вы часто ходите в кино?*<br>- *Да, часто, вчера ходил(а) и завтра* | творечка работа преку писмено изразување;<br>Метод на слушање со повторување;<br>Игровни активности; | нивно тргнување / пристигнување<br>2.3.4. употребува едноставни учтиви форми на комуникација со непознати лица во превозни средства;<br>2.3.5. донесува заклучоци за слушнат и пишан текст врз основа на наслови, илустрации, фотографии. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.4 | пишува едноставен текст (или неформално писмо) со позната лексика во кое го опишува своето опкружување (населба, улица, град, село). | *тоже пойду.*<br>*- Я еду за город. Вчера я ездил за город. Завтра я поеду за город.*<br><br>**Глаголы движения с приставками**<br>**Простое будущее время**<br>**Падежные конструкции со значением направления движения**<br>**Куда? Откуда?**<br>**Дательный падеж (к...,);**<br>**Винительный падеж (в..., на...,);**<br>**Родительный падеж (из..., от..., с...)**<br>*- Войти в автобус ...*<br>*- Выйти из автобуса ...*<br>*- Прийти (прийду) на остановку ...*<br>*- Уйти с вокзала ...*<br>*- Подойти к автобусу...*<br>*- Отойти от автобуса ...*<br>*- Пойти на станцию ...*<br>*- Перейти через улицу ...*<br>*- Дойти до музея ...*<br>*- Пройти мимо дома, через парк*<br>*- Обойти вокруг дома ...*<br>*- Зайти в магазин, на почту, к другу*<br><br>**Падежи в русском языке**<br>**Склонение** (повторение)<br>**Имя существительное**<br>**Предложный падеж на чём?, где?**<br>*- Как ты едешь в школу?*<br>*- Я еду в школу на автобусе (на метро, на троллейбусе)*<br>*- Где ты ждешь автобус (такси, поезд)?*<br>*- На остановке (на станции, на стоянке,* | | 2.4.1. пополнува текстови со испуштени зборови;<br>2.4.2. класифицира во посебни колони, во табела и сл. поими од темата за опис на град;<br>2.4.3. составува сложени реченици врз основа на предложена лексика на тема за своето опкружување;<br>2.4.5. пишува краток едноставен текст (од 50 до 60 збора) за опис на својот град (населба, село, улица и сл.) според дадени слики, аудио или визуелни информации, или насоки од наставникот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *на вокзале).*<br>**Имя прилагательное**<br>- *Я живу в старом (большом, маленьком) городе.*<br>- *Я живу в красивой (маленькой) деревне.*<br>- *Какой это город?*<br>- *Старинный, современный, большой..*<br>- *Какая это деревня?*<br>- *Маленькая, современная, большая.*<br>**Степени сравнения**<br>**Сравнительная степень**<br>- *Где лучше: в городе или в деревне?*<br>- *В городе лучше, чем в деревне.*<br>**Превосходная степень**<br>- *Отели с пятью звездами не всегда самые лучшие, но всегда самые дорогие.*<br>- *Хостел – самое популярное жильё для путешествующей молодёжи.*<br>- *Гид всегда рассказывает всё самое интересное об этом замке.*<br><br>**Наречия**<br>**места + от (до) + Р.П. ед.ч.**<br>**меры и степени много, мало + Р. п. мн. ч.**<br>- *Ты живёшь (Вы живёте) далеко (недалеко) от центра города, парка, вокзала ...?*<br>- *В городе лучше, чем в деревне, потому что в городе много театров.*<br>*В деревне лучше, чем в городе. В деревне мало машин, мало автобусов*<br>**места и направления**<br>- *там, спереди, здесь, тут, справа, сзади, вверху, внизу, туда, вперёд, налево, направо, назад, вверх, вниз* | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - *Как дойти до ресторана?*<br>- *Вам нужно идти до конца улицы, а затем повернуть налево.*<br>- *Где находится почта?*<br>- *Почта находится слева от магазина.*<br><br>**Синтакса**<br>**Сложноподчиненные предложения с придаточными причины**<br>- *По-моему, в деревне намного лучше, чем в городе, потому что в деревне чистый воздух, много овощей и фруктов. В деревне много домашних животных.*<br><br>**Употребление вводных слов** конечно, разумеется по-моему, думаю ...<br>- *Конечно, я поеду на автобусе!*<br>- *Разумеется, это будет прекрасно.*<br><br>**Интеркултурни содржини:**<br>Да стекнуваат знаења за социокултурниот живот на нивните врсници од Русија<br>Почитување на правилата на однесување во средства за јавен превоз на патници, во Македонија и Русија<br>- *Нужно ли уступать место в автобусе старшим?*<br>- *Нужно.*<br>- *Можно ли громко разговаривать в общественном транспорте?*<br>- *Нет, шуметь нельзя. Это мешает пассажирам, ведь некоторые едут на* | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *работу или возвращаются с работы домой.* | | |

| Ред. Број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| **3** | **Здравје и здрав живот** | | | |
| 3.1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>разбира глобално и детално слушнат или пишан текст на тема Здравје и здрав живот; | **Јазични функции:**<br><br>Прашување/одговарање за својата здравствена состојба или за здравствената состојба на некој од блиското опкружување;<br>- *На что́ вы жа́луетесь?*<br>- *Я, наве́рное, простуди́лся. Вчера́ ве́чером у меня́ заболе́ло го́рло, а сейча́с у меня́ боли́т голова́, си́льный на́сморк и ка́шель.*<br>Давање совети за здрав живот и здрава исхрана;<br>- *Вы должны, я советую вам ...*<br>- *Чтобы вести здоровый образ жизни, вы должны заниматься спортом каждый день.*<br>- *Вы должны есть много фруктов и овощей.*<br>- *Мы также советуем вам спать не менее 7-8 часов в сутки. Не проводите много часов, сидя перед компьютером.*<br>Искажување мислење на едноставен начин и правење споредби;<br>Искажување ставови за согласување или | **Активности**:<br><br>Слушање аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>Вежби за асоцијација;<br>Вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци врз основа на звучни сигнали, интонација, невербални елементи, наслови и сл.;<br>Поврзување на текстови со слики;<br>Одговарање на прашања од типот точно/неточно;<br>Отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>Подредување едноставни слушнати информации во табели;<br>Вежби со користење на пантомима;<br>Подредување зборови во реченици и слики по логичен редослед;<br>Пополнување празни места во табели и реченици;<br>Поставување прашања и одговарање на нив; | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.1.1. препознава поими и искази од слушнат или пишан текст на тема за здрав живот;<br>3.1.2. издвојува информации од краток слушнат или пишан текст;<br>3.1.3. употребува новоусвоени основни изрази и поими на тема здравје и здрав начин на живот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.2 | бара и дава информација за својата здравствена состојба или за здравствената состојба на некој од блиското опкружување; | несогласување.<br>- *Точно, Вы правы, я согласен, я не согласен/я не согласна*<br>- *Костя не должен есть столько сладостей!*<br>- *Я согласен с тобой. ( Ты прав! Я тоже так думаю.)*<br>- *Я не согласен! ( Ты не прав.)*<br><br>**Лексички единици**<br><br>Лексика која е поврзана со:<br>- Човечкото тело (органи) и фигура;<br>- *голова, глаза, уши, рот, зубы, нос, волосы, шея, горло, плечи, рука, локоть, ладонь,пальцы, тело, позвоночник, грудная клетка, живот, колено, нога, мозг, желудок, лёгкие, печень, почки, сердце, крепкий, худой, толстый, стройный*<br>- *Здоровый человек: красивый, ловкий, стройный, сильный, румяный*<br>- *Больной человек: сутулый, бледный, толстый ...*<br>- Здравствена состојба;<br>- *здоровый, больной, проблемы со здоровьем, насморк и кашель, простудиться ...*<br>*симптомы: головная боль, кра́сное го́рло, повы́шенная температу́ра ... врач, посещение, больница лекарство, сироп, витамины, укол,*<br><br>- *зарядка, гимнастика, бег, физические упражнения, спорт (футбол, теннис,* | Играње на улоги според дадени модели;<br>Идентификување одделни графеми во зборови со подвлекување на тие букви<br>Пишување на слушнат исказ<br>Индивидуална/групна изработка на постер<br>Одбележување на акцентот во изговорени од наставникот зборови<br>Бура на идеи;<br>Подредување на зборови по логичен редослед<br><br>**Методи**:<br>Демонстрациски метод: пуштање аудио и видео снимки, покажување предмети, појави, настани, слики, цртежи;<br>Вербални методи: дијалошки или метод на разговор (игра по улоги), опишување, раскажување, објаснување;<br>документациски методи: пуштање на аудиовизуелни извори на информации;<br>набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, истражување;<br>операциски метод: метод на творечка работа преку писмено изразување;<br>Метод на слушање со повторување; | 3.2.1. именува поими и изрази поврзани со здравствена состојба;<br>3.2.2. поставува прашања и одговара за својата здравствена состојба или на некој од блиското опкружување;<br>3.2.3. ја опишува својата здравствена состојба;<br>3.2.4. пишува краток текст со опишување на своите навики за здрав живот и својата здравствена состојба. |
| 3.3 | бара / дава совети за здрав живот и здрава исхрана; | | | 3.3.1. применува новоусвоени искази за барање и давање совети во дадениситуации;<br>3.3.2. бара или дава мислење во врска со здравиот начин на живот и здрава исхрана;<br>3.3.3. пишува кратка порака во која бара или дава совет за здравиот начин на живот и здрава исхрана. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.4 | ги опишува своите навики за здрав живот | *баскетбол), бывать на свежем воздухе, закаливание, прогулки....*<br>- Спортски активности<br><br>**Граматички содржини:**<br><br>**Глагол**<br>**видовые пары глаголов**<br>*заболева́ть-заболе́ть*<br>*выздора́вливать-вы́здороветь*<br>*простужа́ться-простуди́ться*<br>*жа́ловаться-пожа́ловаться*<br>*лечи́ть-вы́лечить*<br>*принима́ть- принять*<br>*чу́вствовать-почу́вствовать*<br>*заполня́ть-запо́лнить*<br>*измеря́ть-изме́рить*<br>*вызыва́ть-вы́звать*<br>*выпи́сывать-вы́писать*<br>*осма́тривать-осмотре́ть,*<br>*встреча́ть-встре́тить*<br>*де́лать-сде́лать*<br>*брать-взять*<br>*сдава́ть-сдать*<br>*назнача́ть-назна́чить* | Игровни активности; | 3.4.1. набројува поими и изрази за своите навики за здрав живот;<br>3.4.2. пополнува празни места во табели и реченици;<br>3.4.3. употребува новоусвоени искази и поими во едноставни реченици при опишување на своите навики за здрав живот;<br>3.4.4. донесува заклучоци за своите навики;<br>3.4.5. составува краток едноставен текст со опишување на своите навики за здрав живот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.5 | да изрази согласување или несогласување со нечие мислење; | **Глаголы с суффиксами ОВА / ЕВА**<br>*чувств**ОВА**ть*<br>*бинт**ОВА**ть*<br>*жал**ОВА**ться*<br>*обрад**ОВА**ть*<br>*обрад**ОВА**ться*<br>*ноч**ЕВА**ть*<br>*перенoч**ЕВА**ть*<br><br>**Повелительное наклонение**<br>- *Покажи́те, пожа́луйста, где боли́т.*<br>- *Не выходи́те на у́лицу, лежи́те в посте́ли.*<br>**Омонимы**<br>**Различия в употреблении омонимов**<br>**Болеть - Чем?** гриппом, ангиной<br>**Болеть - За кого?** за сборную команду, Зенит, Спартак, Вардар ...<br>**о́рган** (человеческий) и<br>**орга́н** (музыкальный инструмент)<br><br>**Падежи в русском языке**<br>**Склонение** (повторение)<br>**Имя существительное**<br>**Имя прилагательное**<br>**Местоимения** (личные, притяжательные, возвратные, вопросительные, относительные, неопределенные, отрицательные, указательные, определительные)<br>**Имеительный падеж кто?, что?**<br>**Родительный падеж кого?, чего?**<br>- *Таблетки от головной боли, гриппа.*<br>**Дательный падеж кому?, чему?**<br>- *Он пошел к врачу.* | | 3.5.1. набројува изрази за согласување и несогласување со нечие мислење;<br>3.5.2. искажува согласување/ несогласување со нечие мислење, користејќи соодветни изрази;<br>3.5.3. искажува свој став во дискусија на конкретна тема;<br>3.5.3. донесува заклучоци врз основа на информации од дадената тема. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Винительный падеж кого?, что?**<br>*Принима́ть- приня́ть*<br>**что?** *лекарства, таблетки, душ,*<br>**кого?** *больно́го, пациента*<br>*жа́ловаться-пожа́ловаться* (на что?)<br>*лечи́ть-вы́лечить* (кого?, что?)<br>*принима́ть- принять* (кого?, что?)<br>*заполня́ть-запо́лнить* (медици́нскую ка́рту)<br>*измеря́ть-изме́рить (температу́ру)*<br>*вызыва́ть-вы́звать (врача́ на́ дом)*<br>*выпи́сывать-вы́писать (реце́пт)*<br>*брать-взять(кровь на ана́лиз)*<br>*сдава́ть-сдать (кровь на ана́лиз)*<br>*назнача́ть-назна́чить (лече́ние)*<br>*осма́тривать-осмотре́ть,*<br>*встреча́ть-встре́тить*<br>*де́лать-сде́лать*<br>**Творительный падеж кем?, чем?**<br>*заболева́ть-заболе́ть* ***чем?*** *гриппом*<br>**Предложный падеж где?, о ком?, о чем?**<br>- *Вы зна́ете, где нахо́дится рентге́новский кабине́т?*<br>- *Да, на пе́рвом этаже́.*<br>- *Врач говорит о диагнозе.*<br>**Наречия**<br>**образа действия как?**<br>*чу́вствовать-почу́вствовать* (себя́ хорошо́, *плохо, неважно, серьёзно*)<br>**Синтакса**<br>**Сложноподчинённые предложения с придаточным условия**<br>- *Если бу́дете пло́хо себя́ чу́вствовать, приходите через три дня.* | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - *А е́сли бу́дет температу́ра и ка́шель, вы́зовите врача́ на́ дом.*<br>**Интеркултурни содржини:**<br>Грижа за здравјето и начинот на исхрана во Македонија и во Русија.<br>Учениците да ја сфатат важноста од зачувувањето на здравјето и да се придржуваат кон правилата за здрав начин на живот<br>- *Что самое ценное для человека?*<br>- *То, что не купишь за деньги* - ***ЗДОРОВЬЕ.***<br>*Берегите здоровье смолоду!* | | |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показателите за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите ученици и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и за негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Постапките за проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот/ученичката, не треба да се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.<br>Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде транспарентно и согласно нивоата од Блумовата таксономија. Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на целата учебна година. Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти и тестови. Учениците треба да бидат однапред запознаени со критериумите и со начинот на оценување. Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште на почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми може да се земат: оценките од усното искажување, оценките од писмените работи/тестови, оценките од активноста на часот, изработката на домашни задачи, изработката на презентации и проектни задачи.<br>На крајот на деветтото одделение, учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка. |
| **Дидактички препораки** | Целта на овие дидактички препораки е да му/ ѝ помогнат на наставникот/наставничката да ги постигне поставените цели применувајќи во наставата најнови сознанија од подрачјето на дидактиката и методиката на наставата по странски јазици, педагогијата и психологијата, т.е. позитивни домашни и странски искуства поврзани со наставата и учењето на рускиот јазик, но притоа да не ја ограничува неговата/нејзината креативност.<br>Во планирањето на наставата за деветто одделение се земени предвид содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во ова одделение, односно се почитува принципот на меѓупредметно поврзување во однос на целите и содржините, со акцент на интегрираното поврзување со содржините од мајчиниот јазик.<br>Во фокусот на вниманието на современата настава е ученикот/ученичката и процесот на учење. Треба да се почитуваат возраста, потребите, интересите на учениците. Наставникот/наставничката не е повеќе единствен извор на знаења и информации и неговата/нејзината улога не е само пренесување знаења. Неговата/нејзината улога е да ги поттикнува учениците да користат и други извори на знаења и информации и да ги учи како да учат.<br>При изборот на активностите треба да се води сметка за диференцијацијата и разновидноста. Треба да се одберат или адаптираат активности кои би одговарале на различните стилови на учење (визуелен, аудитивен, |

| | |
|---|---|
| | кинестетички), на различните видови интелигенција (вербално-јазична, математичко-логичка, музичко-ритмичка, визуелно-просторна и други), како и на нивоата на знаењата на учениците.<br>Треба да се има предвид дека применувањето различни форми на работа во наставата (фронтална, индивидуална или работа во парови и групи, истражувачка работа, работилници), како и алтернативната примена на пократки и подолги, побучни и потивки активности, периоди на сконцентрирано внимание и опуштање на учениците за време на часот, ја подобруваат мотивацијата за учење.<br>Наставата по руски јазик треба да се заснова на холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците со што наставникот/наставничката ќе ги интегрира различните компоненти , а јазикот ќе се учи на функционален начин. Согласно горенаведеното, во наставата по странски јазик не може да се определи, односно не е можно да се планира точниот бројот на часовите за одделни компоненти од наставната програма.<br>Наставата за оваа возрасна група се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: *слушање* и *читање* со разбирање, *зборување*, како од аспект на говорна интеракција, така и од аспект на говорна продукција, како и вештината *пишување*.<br>Наставникот/наставничката треба да ја поттикнува и развива автономијата на учениците преку активности и задачи кои ги оспособуваат да ја преземат одговорноста за своето сопствено учење и знаењето кое го стекнуваат во формален контекст на учење (во училница) и да го користат надвор од неа. Од ова произлегува дека на часовите по руски јазик се стекнуваат основни јазични и социопрагматични знаења и знаења кои се врзани со самиот процес на учење.<br>Од наведеното произлегува дека наставникот/наставничката треба да ги учи учениците како полесно и побрзо да учат, како да го сочуваат наученото и како да го користат знаењето во нови ситуации, надвор од училницата. Наставникот/наставничката треба да ги запознава учениците со целите и содржините на активностите/задачите/материјалите и стратегиите на учење кои тие ги применуваат на повисоките нивоа на учење.<br>Од наставникот/наставничката се очекува да ги учи учениците да развиваат и применуваат стратегии на успешно учење. |
| **Литература и други извори** | **Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење.** |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2020/2021 година** |
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |

| | |
|---|---|
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр. 12-1748/4**<br>**30.1.2020 година**<br>**МИНИСТЕР,**<br>**Dr. Arbër Ademi** |
| | |